Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 - 464/8
22.07 2019 год.
ЗРНОВЦИ

Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет сообраќај и услуги
АГРОВОЈВОДИНА-МЕХАНИЗАЦИЈА-НС ДОО-
Бр. 0307-21
22.07 2019 год
СКОПЈЕ

# Договор

ОВОЈ ДОГОВОР е составен

На ден 22.07.2019 година

ПОМЕЃУ

(1) Општина Зрновци, ЕЛС ( единица на локална самоуправа) , Република Северна Македонија и со главно седиште на ул „Илинденска„ бб 2305 с. Зрновци, и

(2) Агровојводина-механизација НС ДООЕЛ, корпорација основана согласно законите на Република Северна Македонија и со главно седиште на ул.„Борис Трајковски„ бр.302 , 1000 Скопје (во понатамошниот текст “ Набавувачот”).

КАДЕ ШТО Купувачот побара доставување на понуди за одредени стоки и дополнителни услуги, viz., Набавка на трактор со додатна опрема:преден нож за чистење на снег,тракторска приколка,комунален мулчер за трева и гранки,заден тракторски ровокопач,заден утоварач,соларка за трактор и обука на механичар „ бр.MSIP-NCB-083-19 ,ЛОТ-1 и ја прифати Понудата од Набавувачот за снабдување со стоки и услуги.

Купувачот и набавувачот се согласуваат на следното:

1. Во овој договор зборовите и изразите ќе го имаат исто значење кое им е назначено во документите од Договорот.

2. Следните документи ќе го сочинуваат Договорот. Овој Договор ќе биде прв по важност пред сите останати документи од Договорот.

   (a) Писмото за прифаќање
   (b) Писмото со Понудата
   (c) Дополнението ____________(доколку го има)
   (d) Посебните услови од Договорот
   (e) Општите услови од Договорот
   (f) Спецификацијата (вклучувајќи го Распоредот на услови и Техничките спецификации)
   (g) Пополнетите распореди (вклучувајќи го Распоредот на цени)
   (h) Други документи кои се наведени во ОУД како составен дел од Договорот

3. Во однос на плаќањата кои Купувачот треба да ги изврши кон Набавувачот како што е овде наведено, Набавувачот се обврзува да му ги обезбеди стоките и услуги на Купувачот и да ги санира дефектите во согласност со одредбите од Договорот.

4. Купувачот со ова се обврзува да му ја исплати на Набавувачот цената на Договорот или друга сума која треба да се наплати за набавката на стоки и услуги и санирањето на дефектите, согласно одредбите од Договорот во време и начин определени со овој Договор.

КАКО ДОКАЗ дека страните се согласиле овој Договор да биде извршен во согласност со законите на Република Северна Македонија на денот, месецот и годината наведена погоре

За и во име на Купувачот

Потпис: ________________

во својство на Градоначалник на Општина Зрновци ,Блаже Станков

во присуство на ______________________

За и во име на Набавувачот

Потпис: ____________________

во својство на Управител на Агровојводина-механизација НС ДООЕЛ Александар Зојчевски

во присуство на _____________________